Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ........ 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНИ ИНЖЕНЕРСКИ МАТЕРИЈАЛИ“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р АНГЕЛ ТАСЕВСКИ И М-Р ВЛАДАН АНДОНОВИЌ ОД МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2702-32/29 од 1 февруари 2011 година на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, донесена на првата седница одржана на 1 февруари 2011 година, определени сме за рецензенти на интерната скрипта „**СОВРЕМЕНИ ИНЖЕНЕРСКИ МАТЕРИЈАЛИ**“ од авторите доц. д-р Ангел Тасевски и асис. м-р Владан Андоновиќ.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин. Материјалот презентиран на овој начин, едноставно, го воведува читателот во основните познавања од оваа област.

Ракописот „**СОВРЕМЕНИ ИНЖЕНЕРСКИ МАТЕРИЈАЛИ**“ е напишан на 40 страници и содржи 19 слики.

Материјалот тематски е поделен во два дела.

Првиот дел е општо за структура на материјалите, нивните хемиски, механички, електрични и оптички особини.

Во вториот дел се дадени современите инженерски материјали кои се во денешното време во интензивен развиток и употреба, како кај нас така и во светски рамки. Обработени се порозни материјали, композити и биокомпозитни материјали, уникатни материјали, паметни и материјали со памтење на својата форма. Исто така, фулерени и наноматеријали се дадени со поопширно објаснување и примена на истите.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека ракописот на концизен и едноставен начин го обработува материјалот од предметот Современи инженерски материјали. Ракописот е во согласност со Наставниот план и програмата по предметот Современи инженерски материјали и корисно ќе им послужи на студентите за совладување на наставните содржини по истиот предмет. Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „**СОВРЕМЕНИ ИНЖЕНЕРСКИ МАТЕРИЈАЛИ**“ од авторите доцент д-р Ангел Тасевски и асистент м-р Владан Андоновиќ да го прифати за печатење како **ИНТЕРНА СКРИПТА**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред. проф. д-р Борко Андоновиќ, с.р.**
**Доц. д-р Братица Темелкоска, с.р.**